Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, член 24 ставови 1 и 2 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/20) и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-3619/3 од 08.10.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 29-та седница одржана на 08.10.2021 година, донесе:

# УПАТСТВО ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ МЕДИУМИ НАДВОР ОД РАБОТНИТЕ ПРОСТОРИИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## I. Општи одредби

### Точка 1

Со ова упатство се пропишува начинот на водењето евиденција за пренесување медиуми – носители на лични податоци надвор од работните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: Агенцијата), односно примање на медиуми – носители на лични податоци во работните простории на Агенцијата.

## II. Начин на водење евиденција за пренесување медиуми – носители на лични податоци надвор од работните простории на Агенцијата односно примање на медиуми – носители на лични податоци во работните простории на Агенцијата

### Точка 2

Агенцијата воспоставува систем за евидентирање на медиумите кои се носители на лични податоци, а кои се примаат односно испраќаат од страна на Агенцијата надвор од нејзините работни простории.

Евиденцијата на медиумите носители на лични податоци кои се примаат односно испраќаат од страна на Агенцијата ги содржи следните податоци и тоа:

- видот на медиумот носител на лични податоци кој е примен/испратен од страна на Агенцијата;
- датум и време на прием/испраќање на медиумот;
- субјект на кого му се испраќа односно од кој се прима медиумот носител на лични податоци;
- бројот на медиуми кои се примени/испратени;
- вид на документ кој е снимен на медиумот;
- начин на примање/испраќање на медиумот, и
- име и презиме на лицето овластено за прием/испраќање на медиумот.

Евиденцијата од став 1 од овој член се врши на образец даден во прилог на ова Упатство (Прилог бр.1), кој е негов составен дел.

Пренесување на медиуми носители на лични податоци, надвор од работните простории на Агенцијата се врши само врз основа на овластување дадено од страна на директорот на Агенцијата.

При пренесувањето на медиуми кои се носители на лични податоци, надвор од работните простории на Агенцијата, се преземаат сите неопходни мерки за да се спречи неовластено обработување на личните податоци снимени на нив.

## III. Завршни одредби

**Точка 3**

Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото донесување, а истото ќе биде објавено на огласната табла во Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Бр.** 01-3672/1
08.10**.2021 година**
**Скопје**

Прилог бр.1

# ЕВИДЕНЦИЈА

за пренесување медиуми – носители на лични податоци надвор од работните простории
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
односно примање на вакви медиуми во Агенцијата

| Бр. | Вид на медиум, носител на лични податоци кој е примен во/испратен од страна на Агенцијата | Датум и време на прием/испраќање на медиумот од страна на Агенцијата | Субјект на кого му се испраќа/од кој се прима медиумот, носител на лични податоци | Број на медиуми кои се примени/испратени | Вид на документ кој е снимен на медиумот | Начин на примање/ испраќање на медиумот | Име и презиме на лице овластено за прием/испраќање на медиумот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | |
| 5. | | | | | | | |
| 6. | | | | | | | |
| 7. | | | | | | | |
| 8. | | | | | | | |
| 9. | | | | | | | |
| 10. | | | | | | | |
| 11. | | | | | | | |
| 12. | | | | | | | |
| 13. | | | | | | | |
| 14. | | | | | | | |

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги